09/19

Врз основа на член 25 став 1 точка 1 и член 132 од Статутот на Општина Богданци („Службен гласник на Општина Богданци“ бр. 04/05, 04/11 и 04/15), Советот на Општина Богданци на седницата одржана на 25.06.2019 година, донесе

**Статутарна одлука**
**за измена и дополнување на Статутот на Општина Богданци**

**Член 1**

Во Статутот на Општина Богданци бр. 07-171/2 од 28.04.2005 година, бр.07-935/5 од 27.04.2011 година и бр. 08-396/4 од 18.02.2015 година објавен во („Службен гласник на Општина Богданци“ бр. 04/05, 04/11 и 04/15), во член 2 пред зборот „Македонија“ се додава зборот „Северна“.

**Член 2**

Во членот 7 став 3 се менува и гласи:

„Во горниот дел на надворешниот штит кој е во правоаголна форма е испишано „Богданци“ со златно-жолти букви во традицијата на црковно-словенското писмо.“.

**Член 3**

Во членот 9 пред зборот „Македонија“ се додава зборот „Северна“.

**Член 4**

Во членот 22 пред зборот „Македонија“ се додава зборот „Северна“.

**Член 5**

Во членот 42 став 4 пред зборот „Македонија“ се додава зборот „Северна“.

**Член 6**

Во членот 48 пред зборот „Македонија“ се додава зборот „Северна“.

**Член 7**

Во членот 68 став 2 , бројот „15“ се заменува со бројот „25“, а бројот „60“ се заменува со бројот „40“.

**Член 8**

Членот 69 се менува и гласи:

„Право на глас на референдумот имаат граѓаните кои имаат избирачко право и се запишани во Избирачкиот список.

Референдумот го спроведува општинската изборна комисија и избирачките одбори.“

**Член 9**

Членовите 70, 71, 72, 73, 74, 75, 76, 77, 78 и 79 се бришат.

**Член 10**

Во членот 126 пред зборот „Македонија“ се додава зборот „Северна“.

**Член 11**

Во членот 127 пред зборот „Македонија“ се додава зборот „Северна“.

**Член 12**

Се овластува Комисијата за статут и прописи на Советот на Општина Богданци да утврди пречистен текст на Статутот на Општина Богданци.

**Член 13**

Оваа Статутарна одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Богданци“.

**Бр. 08-1062/9**
**25.08.2019 год.**
**Богданци**

**Претседател**
**на Советот на Општина Богданци**
**Драгица Ѓавочанова**